ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 08 – 142/7

Дата: 28.12.2010

**ДО**
**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст –Комисија) за 2009 година.
Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата е констатирано дека нереално е искажан финансискиот резултат од финансиските трансакции и нереално се искажани финансиските извештаи, заради тоа што приходите не се евидентирани на пресметковна основа (фактурирана реализација), туку врз основа на извршените уплати (на готовинска основа) од страна на стопанските субјекти кои имаат обврска да уплатуваат средства по основ на надомест, согласно одредбите од Законот за енергетика. Од друга страна, расходите се евидентирани на пресметковна основа, врз основа на примените влезни документи, односно фактури.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Конечен извештајот, од страна на одговорното лице на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија добиени се забелешки на точките 3.1.1, 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. од Конечен извештајот за извршената ревизија, при што забелешката на точката 3.1.1. е прифатена, додека забелешките на точката 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. не се прифатени заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на Комисијата кои се состојат од Биланс на успех и Биланс на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Комисијата за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Славе Ивановски, претседател на Комисијата до 24.06.2009 година
- Димитар Петров, претседател на Регулаторната комисија од 25.06.2009 и
- Владко Гаврилов, заменик претседател на Комисијата во текот на 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 27/09/2010 до 22/10/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на Комисијата – предмет на ревизија.

Од страна на претседателот на Регулаторната комисија на енергетика на Република Македонија добиени се забелешки на Конечен извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Регулаторната комисија на енергетика на Република Македонија, под број 09 – 1590/4 од 07.12.2010 година.

Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. од Конечен извештајот за извршената ревизија, при што забелешката на точката 3.1.1. е прифатена, додека забелешките на точката 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. не се прифатени заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

### 3.1. Финансиски извештаи

3.1.1. Во Законот за енергетика и во Статутот на Комисијата не е регулиран начинот на водење на сметководството, ниту пак се содржани одредби кои упатуваат на примена на соодветни прописи во однос на водењето на сметководството. Поднесено е барање до Министерството за финансии за толкување на ова прашање, при што согласно добиениот одговор Комисијата треба да го води сметководството согласно одредбите од Законот за трговски друштва, односно на пресметковна основа. Комисијата нецелосно пристапила кон примена на ова толкување. Имено, со ревизијата е констатирано дека приходите не се евидентирани на пресметковна основа (фактурирана реализација), туку врз основа на извршените уплати од страна на стопанските субјекти кои имаат обврска да уплатуваат средства по основ на надомест, согласно одредбите од Законот за енергетика. Од друга страна, расходите се евидентирани на пресметковна основа, врз основа на примените влезни документи, односно фактури.

Како резултат на наведената состојба нереално е искажан финансискиот ефект од финансиските трансакции и нереално се искажани финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорното лице да воспостави сметководствени политики и начела пропишани за водење на сметководствената евиденција на пресметковна основа (фактурирана реализација).

3.1.2. Со увид во извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските ревизијата констатира дека при пописот на постојаните средства извршено е само физичко броење на средствата и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како што е пропишано во Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Наведените недостатоци во делот на пописот на средствата имаат влијание на реално и објективно искажување на финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки за целосно извршување на пописот на средствата, побарувањата и обврските согласно законските прописи.

**3.2. Користење на средствата согласно законските прописи**

3.2.1. Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека во текот на 2009 година без спроведување на постапки за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки потрошени се средства во вкупен износ од 3.085 илјади денари за набавка на услуги за превод на документи, набавка на авио билети, адвокатски услуги, услуги од агенција за привремени вработувања, услуги на осигурување, набавка на резервни делови, интернет услуги и набавка на канцелариски материјали.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки овозможува намалена конкуренција, нееднаков третман, намалена транспарентност, јавност, нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Ревизијата констатира дека во 2010 година спроведувањето на јавните набавки се врши согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Ревизорско мислење**

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Регулаторната комисија за енергетика на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

**Нагласување на прашања на неизвесност**

Согласно меѓународниот сметководствен стандард за ревизија 701 – модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5 се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансискиот извештај, Биланс на успех, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

Ревизорот има право да го нагласи прашањето во врска со усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на Комисијата. Имено, согласно Законот за енергетика Комисијата има донесено Финансиски план за работа за 2009 година кој е усвоен од Собранието на Република Македонија. Во текот на 2010 година е усвоен Годишниот извештај за работењето на Комисијата, кој согласно одредбите од наведениот закон треба да ги содржи активностите на Комисијата кои се пропишани во член 19 од законот. Годишниот извештај е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија без да се констатира дека Годишниот извештај ја содржи активноста во делот на купување на државни записи, која како активност не е предвидена со законот, ниту со финансискиот план. Според одговорните лица од Комисијата се работи за вишок на средства кои претставуваат кумулативен износ од побарувања од минатите години, со план да се искористат за купување на деловен простор, но при недостиг на поволни понуди, средствата се искористени за државни записи. Наведеното е значајно дотолку повеќе што во Финансискиот план на Комисијата за 2010 година предвидено е и понатаму купување на државни записи. Врз основа на наведеното ревизијата не можеше да се увери дека се преземаат соодветни мерки во решавање на прашањето на деловниот простор, особено имајќи предвид дека и во наредната 2010 година е планирано купување на државни записи.

Скопје, 23/12/2010 година

**Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија**

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 ден

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Останати деловни приходи | 36,249 | 37,056 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **36,249** | **37,056** |
| Материјални трошоци | 11,026 | 10,314 |
| Трошоци за бруто плати | 20,045 | 19,604 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 530 | 1,296 |
| Останати оперативни трошоци | 6,581 | 6,954 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **38,182** | **38,168** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 1,961 | 1,128 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 28 | 16 |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | - | - |

**Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 ден. |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 114,346 | 76,736 |
| Други краткорочни побарувања | 15 | 15 |
| Платени трошоци за идните периоди | 242 | 62 |
| **Вкупно тековни средства** | **114,603** | **76,813** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1,555 | 1,100 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,555** | **1,100** |
| **Вкупна актива** | **116,158** | **77,913** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 605 | 867 |
| Останати краткорочни обврски | 1,102 | 1,320 |
| Одложени плаќања на трошоци | 114,451 | 75,726 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **116,158** | **77,913** |
| **Вкупна пасива** | **116,158** | **77,913** |

**Забелешки на наодите и препораките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година и ревизија на усогласеност, на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија**

Регулаторната комисија за енергетика по разгледувањето на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година и ревизија на усогласеност, на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, ги доставува следните забелешки и појаснувања за искажаните наоди и препораки во Нацрт извештајот:

3.1. Интерни контроли во процесот на прибирање на приходите на Комисијата

Овластениот државен ревизор констататира дека во Регулаторната комисија за енергетика не е воспоставен систем на интерни контроли кој ќе гарантира комплетност во наплатата на приходите од друштвата кои вршат енергетска дејност, односно постои ризик на нецелосна наплата на приходите. Ова е поради тоа што постојат друштва кои покрај основната дејност за која се регистрирани вршат и енеретска дејност, а Централниот регистар на Република Македонија не води аналитичка евиденција која би и помогнала на Регулаторната комисија за енеретика за утврдување на реална основица за пресметка на надоместокот.

Регулаторната комисија за енергетика укажува дека согласно одредбите од Законот за енергетика работењето на Регулаторната комисија за енергетика се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата за издадени лиценци и преку наплата на надомест од вкупниот приход на друштвата коишто вршат енергетски дејности, остварен на домашен пазар. Надоместокот согласно утврдениот процент, друштвото кое врши енергетска дејност **го уплатува на сметка на Регулаторната комисија за енергетика** во два подеднакви дела и тоа првиот дел најдоцна до 3 април,а вториот дел најдоцна до 30 септември во тековната година. Согласно ова, обврска за плаќање на надоместок на Регулаторната комисија за енеретика имаат сите друштва кои вршат енергетска дејност независно дали е основна или не.

Вршителите на енергетските дејности **не можат да отпочнат со вршење на енергетската дејност без да обезбедат лиценца за вршење на енергетската дејност издадена од Регулаторната комисија за енергетика, која води евиденција на издадените лиценци.** Сите друштва носители на лиценци, согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетси дејности ("Сл. Весник на РМ" бр.31/09) имаат обврска да доставуваат извештај за годишното работење на друштвото и годишна сметка на друштвото, со сите прилози, односно истата која ја доставуваат и до Централниот регистар на Република Македонија. Според тоа, Регулаторната комисија за енергетика **располага со евиденција за приходите, расходите, средствата и капиталот, на сите друштва кои имаат лиценца**.

За друштвата кои вршат енергетска дејност, а за која согласно Законот за енергетика (член 37), не е потребна лиценца и немаат обврска да доставуваат годишен извештај и годишна сметка, Регулаторната комисија за енергетика не располага со аналитичка евиденција. Меѓутоа, Регулаторната комисија за енергетика, од почетокот на своето работење, има воспоставено деловна соработка со Централниот регистар на Република Македонија, **кој води аналитичка евиденција** за сите друштва во Република Македонија. Имено друштвата со доставувањето на годишната сметка го доставуваат и образецот "СПД – рекапитулар", образец за распределба на остварените приходи по дејности, што значи дека покрај податоци за основната дејност Централниот регистар на Република Македонија располага и со аналитичка евиденција за сите дејности. Регулаторната комисија за енергетика се обраќа до Централниот регистар на Република Македонија со барање на податоците за вкупниот приход на друштвата коишто вршат енергетски дејности, поединечно за секое друштво што врши енергетска дејност, со специфицирани шифри на дејности, како и на износот којшто друштвото треба да го уплати согласно одобрениот % за надоместок. Централниор регистар на Република Македонија ги доставува бараните податоци до Регулаторната комисија за енергетика. (*сите дописи беа достапни за членовите на ревизорскиот тим*).

Според тоа наведената констатација дека **постои висок ризик** од нецелосност на податоците за приходите на друштвата кои претставуваат основица за пресаметување на надоместокот **е нереална**, односно за најголемиот дел од вршителите на енергетски дејности Регулаторната комисија за енергетика има евиденција, при што со податоците добиени од Централниот регистар врши двојна контрола на податоците за лиценцираните друштва, а само за друштвата кои немаат лиценца, се врзува за податоците добиени од Централниот регистар на Република Македонија, кои впрочем се официјални.

Во однос на препораката за воспоставување на подобра соработка со Централниот регистар на Република Македонија, Ве информираме дека во тек е постапка за склучување на Меморандум за соработка, кој само ќе ја официјализира досегашната добра деловна соработка со Централниот регистар на Република Македонија.

3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. Овластениот државен ревизор констатира дека нереално е искажан финансискиот ефект од финансиските трансакции и нереално се искажани финансиските извештаи, бидејќи приходите не се евидентирани на пресметковна основа (фактурирана реализација), туку врз основа на извршени уплати на стопанските субјекти кои имаат обврска да уплатуваат средства по основ на надомест согласно одредбите од Законот за енергетика, а од друга страна расходите се евидентирани на пресметковна основа, врз основа на примените влезни документи, односно фактури.

Регулаторната комисија за енергетика повторно напоменува дека согласно Законот за енергетика стопанските субјекти кои вршат енергетска дејност **имаат обврска да уплатуваат средства по основ на надомест.** Регулаторната комисија за енергетика во своето работење се соочува со

правниот ризик присутен поради недоволната и несоодветна законска регулатива која ќе го дефинира финансиското работење во делот на евидентирање на приходите на пресметковна основа. Поради ова Регулаторната комисија за енергетика ги презеде сите активности согласно важечката регулатива за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи, **и затоа изразувањето негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи, а при тоа неземајќи ја во предвид недоволната законска регулатива е премногу строго.**

Во однос на препораката одговорното лице да воспостави сметководствени политики и начела пропишани за водење на сметководствената евиденција на пресметковна основа, Регулаторната комисија за енергетика во соработка со Управата за јавни приходи, веќе ги започна постапките.

3.2.2. Овластениот државен ревизор констатира дека при вршење на пописот на постојаните средства е извршено само физичко броење на средствата и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Овие недостатоци во делот на пописот на средствата имаат влијание на реално и објективно искажување на финансиските извештаи.

Регулаторната комисија за енергетика укажува дека учеството на постојаните (основните) средства во вкупните средства е само 1,36%, **и истото треба да се има во предвид при оценување на влијанието на усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба врз реалното и објективно искажување на финансиските извештаи**. Регулаторната комисија за енергетика изврши вонреден попис на основните средства со цел по Вашето укажување да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба на основните средства, од што може да се види дека нема евидентирани разлики во однос на фактичката состојба со сметководствената и дека влијанието на постојаните средства врз реалното и објективно искажување на финансиските извештаи е со низок степен односно ризик.

3.3. Користење на средствата согласно законските прописи

Овластениот државен ревизор констатира дека во текот на 2009 година без спроведување на постапки за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки потрошени се средства во вкупен износ од 3.058 илјади денари за набавка на услуги за превод на документи, набавка на авио билети, адвокатски услуги, услуги од агенцијата за привремени вработувања, услуги за осигурување, набавка на резервни делови, интернет услуги и набавка на канцелариски материјали.

Регулаторната комисија за енергетика укажува дека сите јавни набавки се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки. Имено, јавните набавки во 2009 година се спроведени со претходно спроведена постапка на јавна набавка **со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (постапка предвидена со Законот за јавните набавки за набавки чија набавна вредност е до 5000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ).** Во прилог е табела – Преглед за спроведени јавни набавки во 2009 година.

Исто така напоменуваме дека според Овластениот државен ревизор во потрошените средства во вкупен износ од 3.085 илјади денари, се вклучени и средства потрошени за адвокатски услуги и услуги од агенција за привремени вработувања, кај кои не се применува Законот за јавните набавки при доделување на договори за јавни набавки на услуги. Согласно член 8, став 1, алинеја 3 и 5, од Законот за јавни набавки, овој закон не се применува при доделување на договори за јавни набавки на услуги кои се однесуваат на услуги за арбитража и посредување ( адвокатските услуги ) и за услуги кои се однесуваат на договори за вработување ( услуги од агенција за привремени вработувања ). Регулаторната комисија за енергетика во 2009 година нема извршено набавки на резервни делови, додека услугите за осигурување, интернет услугите и набавките на канцелариските материјали се правени согласно член 11 од Законот за јавни набавки.

Овластениот државен ревизор констатира дека во 2010 година спроведувањето на јавните набавкуи се врши согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Нагласување на прашања на неизвесност

По однос на Вашето нагласување на прашања на неизвесност, во конкретниов случај поврзано со купувањето на државни записи уште еднаш сакаме да укажеме на следното:

Во текот на работењето во изминатите години, Регулаторната комисија за енергетика ост вари дополнителни средства со висок степен на наплата на заостанат ненавремено платен надоместок по пат на сусдски постапки кои траеја повеќе години, од субјектите кои вршат енергетска дејност. Овие дополнителни средства, Регулаторната комисија за енергетика ги намени за купување на деловен простор ( во моментов Регулаторната комисија за енергетика е сместена во изнајмен деловен простор, а трошокот за изнајмување е еден од најголемите во вкупните трошоци ). Меѓутоа, во отсуство на поволни понуди, средствата се користеа за купување на државни записи, што не е во спротивност со закон. Постапката за купување на деловен простор е во тек.

**Регулаторната комисија за енергетика, поради сето изнесено смета дека изразеното негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики е многу строго, со оглед дека нема неточно евидентирање и прикажување на податоците ниту пак скриена намера за неточно прикажување, напротив сите активности на Регулаторната комисија за енергетика се насочени кон реално и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи.**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРЕТИКА**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија**

Од страна на претседателот на Регулаторната комисија на енергетика на Република Македонија добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Регулаторната комисија на енергетика на Република Македонија, под број 09 – 1590/4 од 07.12.2010 година, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 08-142/6 од 08.12.2010 година.

Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. од Нацрт извештајот за извршената ревизија, при што забелешките на точката 3.1.1. се прифаќаат, додека забелешките на точката 3.2.1, 3.2.2. и 3.3.1. не се прифаќаат заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

Забелешката на точка **3.2.1.** се однесува на начинот на водење на сметководството во Комисијата. Ревизијата укажува дека различниот сметководствен третман на евидентирање на приходите и расходите, доведува до нереално прикажан финансиски резултат во финансиските извештаи. Во забелешките истото е потврдено, со известување дека се преземени мерки за надминување на констатираната состојба и за спроведување на препораките од ревизијата.

Забелешката на точката **3.2.2.** се однесува на нецелосно извршениот попис на постојаните средства, односно на неизвршеното усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Според содржината на забелешката, одговорното лице на Комисијата информира за преземените мерки по основ на дадените препораки, односно дава информација за извршениот вонреден попис на средствата. Истовремено, одговорното лице смета дека е престрого мислењето во однос на вистинито и објективно искажување на финансиската состојба во финансиските извештаи. Во однос на оваа забелешка треба да се укаже дека во вкупната оценка на мислењето учествуваат констатациите наведени во точките 3.2.1. и 3.2.2., како што е наведено во ревизорското мислење во Нацрт извештајот.

Забелешката на точката **3.3** се однесува на неспроведување на Законот за јавни набавки. Согласно член 17 од Законот, предмет на договор за јавна набавка се и

адвокатските односно правни услуги и услугите за привремено вработување, спротивно на укажувањата од страна на одговорното лице на Комисијата.

Врз основа на прегледот на набавките на резервни делови, услугите за осигурување, интернет услугите и набавката на канцелариски материјали, ревизијата констатира дека истите го надминуваат износот од 500 евра во денарска противвредност, спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки.